Врз основа на член 149 од Законот за високото образование (“Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 178/21) и согласно член 133 од Статутот на Универзитет Американ Колеџ Скопје, Ректорската управа на Универзитет Американ Колеџ Скопје распишува

**К О Н К У Р С**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ**
**НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**
**ВО АКАДЕМСКАТА 2024/2025 ГОДИНА – прв уписен рок -**

1. На единиците на Универзитет Американ Колеџ Скопје можат да се запишат вкупно 490 студенти на прва година на прв циклус студии во академската 2024/2025 година.

1.1. На Факултет за деловна економија и организациони науки можат да се запишат вкупно 225 студенти на прва година студии на следните студиски програми:

- Менаџмент и иновации, тригодишни студии на македонски јазик – 30 студенти;
- Менаџмент и иновации, тригодишни студии на англиски јазик – 30 студенти;
- Маркетинг и дигитална трансформација, тригодишни студии на македонски јазик – 30 студенти;
- Маркетинг и дигитална трансформација, тригодишни студии на англиски јазик – 30 студенти;
- Финансии и инвестиции, тригодишни студии на македонски јазик – 30 студенти;
- Финансии и инвестиции, тригодишни студии на англиски јазик – 30 студенти;
- Сметководство и ревизија, четиригодишни студии на англиски јазик – 30 студенти;

(претходно наведените наставни програми се акредитирани во САД, од страна на ACBSP)

- Бизнис администрација и економија (ДВОЈНА ДИПЛОМА СО УНИВЕРЗИТЕТ ТОР ВЕРГАТА – РИМ, Италија), тригодишни студии на англиски јазик - 15 студенти.

1.2. На Факултет за архитектура и дизајн можат да се запишат вкупно 110 студенти на прва година студии на следните студиски програми:

- Архитектура, тригодишни студии на македонски јазик – 70 студенти;
- Внатрешна архитектура, тригодишни студии на македонски јазик – 20 студенти и
- Дизајн, тригодишни студии на македонски јазик – 20 студенти.

1.3. На Факултет за компјутерска техника и информатика можат да се запишат вкупно 100 студенти на прва година студии на следните студиски програми:

- Компјутерски науки, тригодишни студии на англиски јазик – 70 студенти;
- Менаџмент на информациски системи, тригодишни студии на англиски јазик – 30 студенти (наставната програма е акредитирана во САД, од страна на ACBSP).

1.4. На Факултет за политички науки можат да се запишат 45 студенти на прва година студии на следните студиски програми:

- Психологија, четиригодишни студии на англиски јазик – 25 студенти;
- Политички науки и меѓународна комуникација, (ДВОЈНА ДИПЛОМА СО УНИВЕРЗИТЕТ КАТОЛИКА – МИЛАНО, Италија), тригодишни студии на англиски јазик – 10 студенти;
- Економска дипломатија, тригодишни студии на англиски јазик – 10 студенти, (наставната програма е акредитирана во САД, од страна на ACBSP);

1.5. На Факултет за странски јазици можат да се запишат 10 студенти на прва година студии на следната студиска програма:

- Настава по англиски јазик и книжевност, тригодишни студии на англиски јазик – 10 студенти.

Студиската програма од точка 1.1, алинеја 4 е во процес на акредитација/реакредитација (барање е поднесено во пропишаниот рок) и до моментот на добивање на решение за почеток со работа, ќе се води евиденција на потенцијалните кандидати.

Единиците на УАКС го задржуваат правото да одлучат за отпочнување на наставата и начинот на изведувањето на наставата на понудените студиските програми доколку бројот на запишани студенти е помал од 5 (пет) студенти, со исклучок на Факултетот за архитектура и дизајн каде бројот на минимум запишани студенти за изведување настава е 7 (седум).

За стекнување диплома на студиска програма која е акредитирана во САД од страна на ACBSP, студентот треба да ги комплетира сите предвидени деловни модули.

2. Индикативниот надоместок за запишување и посетување настава на прв циклус студии за една академска година со вредност од 60 ЕКТС изнесува:

- 3.000 евра во денарска противвредност за студирање на англиски јазик на сите студиски програми на Факултетот за деловна економија и организациони науки и Факултетот за компјутерска техника и информатика;
- 1.350 евра во денарска противвредност за студирање на студиската програма на Факултетот за странски јазици;
- 2.700 евра во денарска противвредност за студирање на сите останати студиски програми на сите факултети.

Надоместокот за студирање и условите за можните начини на плаќање и попустите кои се одобруваат, се регулирани со тарифникот на Универзитетот.

Универзитетот може да одобри попусти и тоа: 5% за плаќање на целата школарина при упис; 5% семеен, Деловен совет и УАКС алумни попуст; 5% за рана регистрација до 31.05.2023. Вкупниот износ на попустот не може да надмине 15%.
Рангирање во рана регистрација се врши врз основа на сведителствата од прва до трета година, средно образование. Доколку се пополнат сите предвидени места за упис во периодот на рана регистрација, уписот за конкретната студиска програма на која се пополнети сите предвидени места, се смета за затворен.
Уписот после рана регистрација продолжува само во рамки на слободните места кои останале по рангирањето извршено во рана регистрација.

3. Право на запишување на прв циклус студии на единиците на УАКС имаат само кандидати кои положиле државна матура или меѓународна матура.

Право на запишување на прв циклус студии имаат и кандидати со завршено четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура (пред учебната 2007/2008 година), како и кандидати кои своето четиригодишно средно образование го завршиле во учебната 2019/2020 година.

Странските државјани се запишуваат на студии под исти услови како и државјаните на Република Северна Македонија и кои со пријавата приложуваат решение за нострификација за завршено средно образование, односно доказ дека е започната постапка за таква нострификација кај надлежните институции.

На Универзитетот можат да се запишат и кандидати во повисоки години кои се трансфер од други високообразовни установи, кандидати што имаат завршено високо или вишо образование, студенти кои посетуваат програма за мобилност Еразмус+, како и други програми за мобилност на студенти, но во рамките на вкупната квота за запишување студенти.

Доколку на конкурсот се јават повеќе кандидати од утврдениот број согласно овој конкурс, нивниот избор ќе се врши со рангирање според постигнатиот просечен успех во средното образование.
Кандидатите кои имаат добиено стипендија, влегуваат во предвидениот број за упис, без да бидат дополнително рангирани.

4. Кандидатите за запишување и посетување настава на наставни програми на англиски јазик ќе бидат тестирани за степенот на познавање на англискиот јазик. Врз основа на постигнатите резултати на тестирањето, ќе се организира подготвителна настава по англиски јазик.

5. За кандидатите што ќе се запишат на прв циклус студии Универзитетот ќе организира:

- подготвителна настава по англиски јазик (за студенти кои се запишуваат на наставни програми на англиски јазик);
- подготвителна настава по математика (за студенти на Факултет за деловна економија и организациони науки, Факултет за архитектура и дизајн и Факултет за компјутерска техника и информатика);
- подготвителна настава по цртање (за студенти на Факултет за архитектура и дизајн);
- подготвителна настава по информатика (за студенти на Факултет за компјутерска техника и информатика);
- кариерно советување,
- обука за подготвување биографија, мотивациско писмо и интервју за работа,
- обука за користење на Мудл (Moodle) платформа за настава и интеракција со наставниот кадар.

6. На Универзитет Американ Колеџ Скопје кандидатите можат да се запишат и на вонредни студии на сите факултети, освен на Факултет за архитектура и дизајн, на Факулетот за деловна економија и организациони науки на студиските програми по Бизнис администрација и економија (двојна диплома) и Сметководство и ревизија и на Факултетот за политички науки на студиската програма по Психологија, доколу исполнуваат соодветни услови, а во рамки на вкупниот број на студенти од точка 1 на овој конкурс.

Надоместокот за студирање и условите за можните начини на плаќање се регулирани со тарифникот на Универзитетот.

7. Уписниот рок започнува со објавувањето на конкурсот и трае заклучно со 31.07.2024 година.

Студиските програми понудени во овој конурс е предвидено да се реализираат во просториите на Универзитет Американ Колеџ Скопје, со седиште на бул. Трета македонска бригада бр. 60 во Скопје.

Подетални информации во врска со овој конкурс можат да се добијат на Универзитет Американ Колеџ Скопје, бул. Трета македонска бригада бр. 60, на тел. број 2 463 156 или на веб страната на Универзитетот www.uacs.edu.mk.

**Универзитет Американ Колеџ Скопје**
**Ректорска управа**

**Универзитет Американ Колеџ Скопје**

објавува

**ИСПРАВКА НА КОНКУРС**

за запишување студенти на прв циклус студии – прв уписен рок -на студиските програми на Универзитет Американ Колеџ Скопје во академската 2024/2025 година.

Во конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитет Американ Колеџ Скопје во академската 2024/2025 година, објавен во весникот Нова Македонија на 15 Февруари 2024 година, се менува четвртата алинеја од точка 1.1. и гласи: „Маркетинг и дигитална трансформација, тригодишни студии на англиски јазик – 50 студенти“.

Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Универзитет Американ Колеџ Скопје**

објавува

**ИСПРАВКА НА КОНКУРС**

за запишување студенти на прв циклус студии – прв уписен рок - на студиските програми на Универзитет Американ Колеџ Скопје во академската 2024/2025 година

Во конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитет Американ Колеџ Скопје во академската 2024/2025 година, објавен во весникот Нова Македонија на 15 Февруари 2024 година, се менува:

-Точка 1 и гласи: „На единиците на Универзитет Американ Колеџ Скопје можат да се запишат вкупно 430 студенти на прва година на прв циклус студии во академската 2024/2025 година";

- Бројот 225 од точка 1.1. со бројот 180;

- Алинеја еден од точка 1.1. и гласи: „Менаџмент и иновации", тригодишни студии на македонски јазик – 15 студенти (само вонредни)";

- Алинеја три од точка 1.1. и гласи: „Маркетинг и дигитална трансформација", тригодишни студии на македонски јазик – 15 студенти (само вонредни)";

- Алинеја пет од точка 1.1. и гласи: „Финансии и инвестиции", тригодишни студии на македонски јазик – 15 студенти (само вонредни)";

- Бројот 100 од точка 1.3. со бројот 85;

- Алинеја еден од точка 1.3. и гласи: „Компјутерски науки", тригодишни студии на англиски јазик – 70 студенти (60 редовни и 10 вонредни студенти);

- Алинеја два од точка 1.3. и гласи: „Менаџмент на информациски системи", тригодишни студии на англиски јазик – 15 студенти (10 редовни и 5 вонредни студенти) (наставната програма е акредитирана во САД, од страна на ACBSP);

- Алинеја еден од точка 3.5. и гласи: „ Настава по англиски јазик и книжевност, тригодишни студии на англиски јазик – 10 студенти (само редовни);

- Точка 7 и гласи: „Уписниот рок започнува со објавувањето на конкурсот и трае заклучно со 05.08.2024 година.".

Универзитет Американ Колеџ Скопје